Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за
избор на командир на
Полициската станица од општа надлежност Битола

1. Го објавувам Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.11.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-3297/1
30.11.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 24 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.11.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за избор на командир на
Полициската станица од општа надлежност Битола

1. За командир на Полициската станица од општа надлежност Битола е избран САШО МИТЕВСКИ, од Битола, ул. „Довлеџик“ бр. 66, со завршен Педагошки факултет, одделенска настава и со работно искуство од 25 години.

2. Примерок од решението да се достави до Министерот за внатрешни работи и избраниот кандидат.

3. Решението влегува во сила со денот на денесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07- 3181/3
28.11.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска